[redacted]

[redacted]

До: Општина Демир Хисар
ул. Битолска бр.8
7240, Демир Хисар

**БАРАЊЕ**

**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија бр. 13/06, бр. 86/08, бр. 6/10, бр. 42/14, бр. 148/15, бр. 55/16 и бр.98/19), бараме да ни овозможите пристап до одредени информации од јавен карактер за потребите на проектна активност реализирана од страна на [redacted].

[redacted] го реализира мерење на индексот на отворени општини и за успешно спроведување на активноста има потреба од обезбедување на податоци од јавен карактер:

1. **Дали општината има донесено буџетски календар за фискалната 2022 година? - Наведете на кој датум е донесен буџетскиот календар**
2. **Дали општината го има донесено Предлог планот на програми за развој за фискалната 2022 година во законскиот рок? - Наведете на кој датум е донесен буџетскиот календар**
3. **Дали Буџетот на општината за 2022 година е донесен согласно законскиот рок (31.12.2021)? - наведете го датумот на донесување**
4. **Дали општината користела социјални мрежи за да информира за буџетот во 2022 година? Наведете ги линковите.**
5. **Дали општината користела социјални мрежи/веб страна за да добие предлози од граѓаните за буџетот во 2022 година? - Наведете ги линковите**
6. **Дали општината во 2021 година организирала јавна трибина на која граѓаните имале можност да дадат предлози за предлог буџетот за 2022 година? - Наведете ги линковите**
7. **Дали општината го испитувала јавното мислење (спроведувала анкета) за конкретни предлози (проекти) од предлог буџетот за 2022 година? Ако да, наведете го датумот на спроведување на анкетата и бројот на опфатените испитаници.**
8. **Дали општината има пропишана процедура за вклучување на граѓаните во процесот на планирање на Буџетот? – Ако да, наведете линк на кој истата може да се најде**
9. **Дали општината во 2021 година организирала средба/и со маргинализирани групи на нејзината територија со цел утврдување на потребите на овие групи и можностите за нивно финансирање со буџетот за 2022 година? Ако да, наведете објава од средбата/ите.**
10. **Дали буџетот на општината за 2022 година содржел програма за финансирање на маргинализирана/ни група/и?**
11. **Дали општината има воспоставена комисија за еднакви можности за мажите и жените? Доколку има, наведете ја одлуката со која е основана и придружните акти кои поблиску ја уредуваат нејзината работа**
12. **Дали општината има родово одговорни индикатори во буџетските програми за 2022 година?**

[redacted]

[redacted]

13. **Дали завршната сметка на Буџетот на општината за 2022 година е донесена согласно законски утврдениот рок (15.03.2023)? - Наведете на кој датум е донесена завршната сметка**
14. **Дали општината организирала јавна трибина на која ја претставила завршната сметка, односно реализацијата на буџетот за 2022 година? Ако да, во прилог ставете го линкот од известувањето за настанот**
15. **Дали, според завршната сметка за 2022 година, општината ги реализирала програмите за финансирање на маргинализираните групи?**

**Форма во која се бара информацијата:**

1) увид
2) препис
3) фотокопија
4) **електронски запис (пожелно е во word или во excel формат)**
5) друго _______________

**Начин на доставување на информацијата:**

1) по пошта
2) телефон
3) факс
4) **е-маил**
5) друго _______________

**Барател на информацијата:**[redacted]

**Застапник/полномошник на барателот на информацијата**
[redacted]

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за слободен пристап до информации од јавен карактер)

Датум: 07.09.2023

[redacted]

[redacted]

Датум: 15.09.2023

**ДО** [redacted]

(барател на информацијата)

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по Барање информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Општина Демир Хисар

**ВРСКА:** 09-903/1, 13.09.2023 наш број
0306-009/23, 07.09.2023 ваш број

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник наРСМ бр. 101/2019) во прилог Ви се доставува Решение по бараната информација.

Во прилог Ви се доставува и:

-Информација

Со почит,

Игор Дамјаноски,
службено лице за посредување со информации од јавен карактер
на Општина Демир Хисар

---------------------------------------

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на 07.09.2023 година, имателот на информацијата Општина Демир Хисар го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од [redacted] по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер во врска со Буџетот на Општина Демир Хисар за 2022 година, се уважува

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted], имателот на информацијата Општина Демир Хисар, ви ја доставува информацијата во врска со Буџетот на Општина Демир Хисар за 2022 година .

Имено барателот доставил барање за информација од јавен карактер на 07.09.2023 година, заведено во архивата на Општина Демир Хисар на 13.09.2023 година под архивски број 09-903/1, која е во согласност со член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во прилог:

-Информација

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Демир Хисар на 15.09.2023 година, под бр. 09-903/2.

По овластување на Градоначалникот на
Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со информации од
јавен карактер
Игор Дамјаноски, раководител на одделение за
управување со човечки ресурси
______________________________

-ИНФОРМАЦИЈА-

1. Општината има донесено буџетскиот календар за фискалната 2022 година, и истиот е донесен на 24.02.2022 година.
2. Општината нема донесено Предлог план на програми за развој на фискалната 2022 година.
3. Буџетот на Општината за 2022 година не е донесен согласно законскиот рок. Донесен е на 24.02.2022 година.
4. Да, општината користеше социјални мрежи за да информира за буџетот за 2022 година,
5. Да, општината користеше социјални мрежи за да добие предлози од граѓаните за буџетот за 2022 година,
6. Општината немаше организирано јавна трибина во 2021 година, на која граѓаните ќе имаат можност да дадат предлози за предлог буџетот за 2022 година.
7. Општината не го испитувала јавното мислење (спроведувала анкета) за конкретни предлози (проекти) од предлог буџетот за 2022 година.
8. Општината нема пропишана процедура за вклучување на граѓаните во процесот на планирање на Буџетот.
9. Општината во 2021 година не организирала средба/и со маргинализирани групи на нејзината територија со цел утврдување на потребите на овие групи и можностите за нивно финансирање со буџетот за 2022 година.
10. Да, буџетот на општината за 2022 година содржел програма за финансирање на маргинализирана група.
11. Да, општината има воспоставена комисија за еднакви можности за мажите и жените, со одлука бр. 17-415/31 од 13.04.2022 година.
12. Да, општината има родово одговорни индикатори во буџетските програми за 2022 година.
13. Да, завршната сметка на Буџетот на општината за 2022 година донесена е во согласно законски утврдениот рок, - 14.03.2023 година.
14. Општината не организирала јавна трибина на која ја претставила завршната сметка за реализацијата на буџетот за 2022 година.
15. Да, според завршната сметка за 2022 година, општината ги реализирала програмите за финансирање на маргинализираните групи.

По овластување на Градоначалникот на
Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со информации
од јавен карактер
Игор Дамјаноски, раководител на одделение за
управување со човечки ресурси

---------------------------------------------